**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 187/13) на ден 12.08.2013 година, Градоначалникот на Општина Велес донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За Локална урбанистичка планска документација за ЛУПД Д3- спорт и рекреација на дел од КП 960 и дел од КП 959 КО Караслари кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Локална урбанистичка планска документација за намена Д3- спорт и рекреација КП 960 и дел од КП 959 КО Караслари, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

   - Со планскиот документ се планира реализирање на проекти што не се предвидени со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина
   - Планскиот документ се однесува на објекти со класа на намена Д3-спорт и рекреација.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

бр. 08 - 2561/15
12.08.2014
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес

м-р Славчо Чадиев

---

**Општина Велес / Municipality of Veles**
**Panko Brasnar N° 1**
**1400 Veles, Macedonia**
**Tel/fax: ++389 43 232 966**
**e-mail: opve@veles.gov.mk**
**www.veles.gov.mk**